# ЗАКОН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

(*) 1Со овој закон се врши усогласување со следните директиви на Европскиот Парламент и на Советот: Директива бр. 2000/78/ЕЗ на Советот од 27 ноември 2000 година за воспоставување на општа рамка за еднаков третман во вработувањето и занимањето, CELEX бр. 32000L0078; Директива бр. 2004/113/ЕЗ на Советот од 13 декември 2004 година со која се спроведува начелото на еднаков третман на мажите и жените во пристапот и обезбедувањето на стоки и услуги, CELEX бр. 32004L0113 и Директива бр. 2006/54/ЕЗ на Европскиот Парламент и на Советот од 5 јули 2006 година за примена на принципот на еднакви можности и еднаков третман на мажите и жените во областа на вработувањето и професиите (преработена), CELEX бр. 32006L0054.

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

### Предмет на Законот

Со овој закон се уредуваат превенцијата и забраната од дискриминација, облиците и видовите на дискриминација, постапките за заштита од дискриминација, како и составот и работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

### Член 2

### Цел на Законот

Цел на овој закон е обезбедување на принципот на еднаквост и спречување и заштита од дискриминација во остварување на човековите права и слободи.

### Член 3

### Примена на Законот

(1) Овој закон се однесува на сите физички и правни лица.

(2) Овој закон се применува од страна на сите државни органи, органи на единиците на локалната самоуправа, правни лица со јавни овластувања и сите други правни и физички лица во областа на:
1) работата и работните односи;
2) образование, наука и спорт;
3) социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита;
4) правосудство и управа;
5) домување;
6) јавно информирање и медиуми;
7) пристап до добра и услуги;
8) членување и дејствување во политички партии, здруженија, фондации, синдикални или други организации засновани на членство;
9) култура и
10) сите други области.

(3) Субјектите од ставот (2) на овој член, имаат обврска да преземаат мерки или дејства за промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација.

(4) Сите субјекти кои со закон се должни да прибираат, евидентираат и обработуваат податоци, имаат обврска овие податоци да ги прикажуваат според дискриминаторските основи од членот 5 од овој закон, релевантни во областа, а со цел промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација.

**Член 4**

**Поимник**

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „Еднаквост“ е начело според кое сите луѓе се рамноправни, односно изедначени во уживањето и остварувањето на сите права и слободи;

2. „Лице“ е секое физичко или правно лице;

3. „Лице со попреченост“ е лице кое има долготрајна физичка, интелектуална, ментална или сензорна оневозможеност, што во интеракција со различните општествени бариери може да го спречи неговото целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите;

4. „Соодветно приспособување“ е неопходно и соодветно изменување и приспособување потребно во одреден случај, што не предизвикува несразмерно или непотребно оптоварување, а со цел обезбедување на уживањето или остварувањето на сите човекови права и слободи на лицата со попреченост, на еднаква основа со другите. Оневозможување на соодветно приспособување е дискриминација;

5. „Пристапност до инфраструктурата, добрата и услугите“ подразбира преземање на соодветни мерки што осигуруваат дека лицата со попреченост имаат пристап, на еднаква основа со другите, до физичкото опкружување, транспортот, информациите и комуникацијата, вклучувајќи информатички и комуникациски технологии и системи, до други јавни објекти и услуги во урбани и рурални области. Оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите е дискриминација;

6. „Маргинализирана група“ е група од поединци кои ги обединува специфична положба во општеството, кои се објект на предрасуди, кои имаат посебни карактеристики што ги прават подложни на дискриминација и/или насилство и помала можност за остварување и заштита на правата и слободите;

7. „Легитимна и објективно оправдана цел“ е целта за чиешто остварување средствата треба да соодветствуваат со реалните потреби во конкретен случај, да се однапред прецизно дефинирани, да се неопходни за остварување на таа цел, како и да се пропорционални на ефектите што треба да се постигнат;

8. „Дискриминација по асоцијација“ е секое разликување, исклучување или ограничување на едно лице поради поврзаност со друго лице или група врз која било дискриминаторска основа;

9. „Дискриминација по перцепција“ е секое разликување, исклучување или ограничување на едно лице поради претпоставена припадност кон одредена група врз која било дискриминаторска основа;

10. „Повеќекратна дискриминација“ е дискриминација вршена кон едно лице или група врз повеќе дискриминаторски основи;

11. „Повторена дискриминација“ е дискриминација вршена кон едно лице или група повеќепати, врз исти дискриминаторски основи;

12. „Продолжена дискриминација“ е дискриминација што е вршена врз едно лице или група непрекинато, во подолг временски период, врз дискриминаторски основи;

13. „Интерсекциска дискриминација“ е секоја дискриминација врз две или повеќе дискриминаторски основи што се истовремено и неразделно поврзани и

14. „Тестирање ситуација“ претставува метод за докажување дискриминација преку вклучување на организирани тестери што се ставаат во споредбена ситуација за да се истражи појавата на дискриминација во различни предмети, процеси и области врз која било дискриминаторска основа.

**Член 5**

**Дискриминаторска основа**

Се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа (во натамошниот текст: дискриминаторска основа). 2

**Член 6**

**Дефиниција на дискриминација**

Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.

**Член 7**

**Мерки и дејства што не претставуваат дискриминација**

(1) Нема да се сметаат за дискриминација мерките и дејствата што се преземаат со единствена цел да се отстрани нееднаквото уживање на човековите права и слободи сè додека не се постигне фактичка еднаквост на лице или група, ако разликувањето е

оправдано и објективно, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно соодветни и неопходни.

(2) Мерките и дејствата од ставот (1) на овој член се временски ограничени и се применуваат се до постигнување на фактичка еднаквост на лица или групи при уживање на нивните права.

(3) Нема да се смета за дискриминација:

1) различниот третман на лицата кои не се државјани на Република Северна Македонија во врска со правата и слободите утврдени во Уставот на Република Северна Македонија, во законите и меѓународните договори ратификувани согласно со Уставот на Република Северна Македонија, а кои непосредно произлегуваат од државјанството на Република Северна Македонија и

2) различниот третман на лицата врз некоја од дискриминаторските основи поради природата на занимањето или активноста или поради условите во кои се одвива тоа занимање, а која претставува суштинско и одлучувачко барање, целта е легитимна, а условот не го пречекорува потребното ниво за негова реализација.

## II. ОБЛИЦИ И ВИДОВИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

### Член 8

### Директна и индиректна дискриминација

(1) Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

(2) Индиректна дискриминација постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни.

### Член 9

### Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација

Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа.

### Член 10

### Вознемирување

(1) Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

(2) Сексуално вознемирување е каков било облик на несакано вербално, невербално или физичко постапување од сексуална природа, што има цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

**Член 11**

**Виктимизација**

Виктимизација претставува трпење на штетни последици од страна на лице поради преземање дејства за заштита од дискриминација, односно пријавило дискриминација, почнало постапка за заштита од дискриминација, сведочело во текот на постапката или на друг начин учествувало во постапка за заштита од дискриминација.

**Член 12**

**Сегрегација**

Сегрегација е физичко одделување на лице или група лица врз дискриминаторска основа без легитимна или објективно оправдана цел.

**Член 13**

**Потешки облици на дискриминација**

Како потежок облик на дискриминација, во смисла на овој закон, се смета повеќекратна дискриминација, интерсекциска дискриминација, повторена дискриминација и продолжена дискриминација.

## III. КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

**Член 14**

**Правен субјективитет на Комисијата**

(1) Комисијата за спречување и заштита од дискриминација е самостоен и независен орган кој работи во согласност со надлежностите утврдени со овој закон (во натамошниот текст: Комисијата).

(2) Комисијата има својство на правно лице.

(3) Седиштето на Комисијата е во Скопје.

**Член 15**

**Буџет на Комисијата**

(1) Средствата за работа на Комисијата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, вклучително и средства за соодветно приспособување за лицата со попреченост.

(2) Средствата за работа на Комисијата ги утврдува Собранието на Република Северна Македонија на предлог на Комисијата.

(3) Собранието на Република Северна Македонија посебно го гласа разделот наменет за Комисијата во Буџетот на Република Северна Македонија.

(4) Со користењето, распределбата и намената на средствата за работа обезбедени во разделот на Буџетот на Република Северна Македонија наменет за Комисијата, Комисијата располага самостојно.

(5) Комисијата може да обезбедува средства и од други извори како што се донации, грантови и друго.

**Член 16**

**Состав на Комисијата**

(1) Комисијата е составена од седум членови кои ги избира и ги разрешува Собранието на Република Северна Македонија.

(2) Членовите на Комисијата се избираат со мандат од пет години, со право на уште еден последователен повторен избор.

(3) При изборот на првиот состав на Комисијата согласно со овој закон, четири членови се избираат со мандат од пет години, а тројца членови со мандат од три години, со право на уште еден последователен повторен избор.

(4) Од редот на членовите избрани во ставот (2) на овој член, Комисијата избира претседател со мандат од една година, без право на повторен избор.

(5) Членовите на Комисијата треба да го одразуваат составот на општеството во целина и при изборот на членовите на Комисијата се применуваат принципите за соодветна застапеност на сите општествени групи, начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците и родово балансирано учество.

**Член 17**

**Услови за избор на членови на Комисијата**

За член на Комисијата може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:
1) да е државјанин на Република Северна Македонија;
2) да има стекнато 240 кредити според ЕКТС или VII/1 степен на образование и има минимум седум години работно искуство од областа на човековите права од кои пет години во областа на еднаквост и недискриминација;
3) во моментот на изборот со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна затвор од над шест месеци или забрана за вршење на професија, дејност или должност и
4) да не е носител на функција во политичка партија.

**Член 18**

**Постапка за избор на членови на Комисијата**

(1) Собранието на Република Северна Македонија објавува јавен оглас за избор на членови на Комисијата во најмалку два дневни весника што се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик

различен од македонскиот јазик. Огласот задолжително се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија", и на веб страницата на Собранието на Република Северна Македонија и на веб страницата на Комисијата, на сите јазици на заедниците во Република Северна Македонија.

(2) Огласот од ставот (1) на овој член, трае 30 дена од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија".

(3) Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија утврдува предлог-листа од пријавените кандидати, по претходно спроведена јавна расправа и во рок од 14 дена по истекот на рокот од ставот (2) на овој член, ја доставува до Собранието на Република Северна Македонија во прилог со материјал од сите доставени пријави и извештај од спроведената јавна расправа.

(4) Доколку Собранието не избере членови на Комисијата, постапката за избор се повторува во целост со објавување јавен оглас веднаш, а не подоцна од рок од десет дена.

**Член 19**

**Статус на членовите на Комисијата**

(1) Членовите на Комисијата имаат статус на именувани лица кои функцијата ја извршуваат професионално и таа е неспојлива со извршување на друга јавна функција, професија или функција во политичка партија. На членот на Комисијата му престанува јавната функција со денот на неговиот избор. Доколку членот на Комисијата пред неговиот избор бил во работен однос, работниот однос му мирува.

(2) Членот на Комисијата на кој му е истечен мандатот ќе ја врши функцијата до изборот на нов член, но не подолго од три месеци.

(3) Членовите на Комисијата имаат право на плата и други надоместоци во согласност со Законот за плати и други надоместоци на избрани и именувани лица.

**Член 20**

**Разрешување и престанок на функцијата член на Комисијата**

(1) Собранието на Република Северна Македонија го разрешува членот на Комисијата пред истекот на мандатот по предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, ако:
1) со правосилна одлука му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност;
2) со правосилна судска одлука е осуден на казна затвор од над шест месеци;
3) трајно ја загуби психофизичката способност за вршење на функцијата во согласност со законот и
4) нестручно, пристрасно и несовесно ја врши функцијата.

(2) На член на Комисијата му престанува мандатот:
1) ако сам го побара тоа;
2) поради смрт;
3) со исполнување услови за старосна пензија.

(3) Исполнувањето на условите за разрешување од ставот (1) на овој член ги утврдува Комисијата за прашања на изборите и именувањата со мнозинство гласови од вкупниот број членови по претходно спроведена јавна расправа и поднесува иницијатива за разрешување член на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација до Собранието на Република Северна Македонија, во прилог со извештај од спроведената јавна расправа.

(4) Кога член на Комисијата е разрешен или му престанала функцијата во согласност со одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член, Собранието на Република Северна Македонија објавува оглас за избор на член на Комисијата со мандат во траење до истекот на мандатот на членот кој се менува.

**Член 21**

**Надлежности на Комисијата**

(1) Надлежности на Комисијата:
1) презема активности за промоција, заштита и превенција за еднаквоста, човековите права и недискриминацијата;
2) го следи спроведувањето на овој закон и дава мислења и препораки;
3) ги промовира принципот на еднаквост, правото на недискриминација и справувањето со сите форми на дискриминација преку зголемување на јавната свест, информирање и едукација;
4) придонесува при изготвување и примена на програми и материјали од областа на формалното и неформалното образование;
5) изготвува и објавува посебни и тематски извештаи за одредени прашања од обласа на еднаквоста и недискриминацијата;
6) дава општи препораки за одредени прашања од обласа на еднаквоста и недискриминацијата и го следи нивното спроведување;
7) се залага за ратификација на билатерални или мултилатерални меѓународни договори од обласа на човековите права или за пристапување кон истите и го следи нивното спроведување;
8) придонесува при изготвувањето на извештаите што државата е должна да ги поднесува до меѓународните и регионалните тела за човекови права и придонесува за спроведување на нивните препораки;
9) промовира и предлага усогласување на националното законодавство, прописи и практики со меѓународните и регионалните инструменти за човекови права;
10) иницира измена на прописи заради спроведување и унапредување на заштитата од дискриминација;
11) дава мислења по предлози на закони од значење за спречување и заштита од дискриминација;
12) воспоставува соработка со физички и правни лица, како и со здруженија, фондации и социјални партнери за остварување на принципот на еднаквост и унапредување на спречувањето и заштитата од дискриминација;
13) соработува со соодветни национални тела на други држави, како и со меѓународни и регионални организации на полето на заштита од дискриминација;
14) постапува по претставки, носи мислења, препораки и заклучоци за конкретните случаи на дискриминација;
15) поведува постапка за заштита од дискриминација по службена должност;
16) дава информации на заинтересираното лице за неговите или нејзините права и можности за покренување на судска или друга постапка за заштита од дискриминација;
17) го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација се до исполнување на препораките дадени од Комисијата;

18) поведува и се јавува како замешувач во судски постапки за заштита од дискриминација;
19) на барање на странката или по сопствена иницијатива може да поднесе барање судот да му овозможи да дејствува како пријател на судот (amicus curiae);
20) квартално ја информира јавноста за случаите на дискриминација, на начин утврден со акт на комисијата;
21) ги споделува своите мислења, наоди и препораки и се обраќа на јавноста преку кој било медиум;
22) донесува деловник за работа, годишен план и програма за работа и други акти во врска со нејзиното работење;
23) може да формира советодавни тела од експерти за одредени специфични прашања поврзани со унапредување, спречување и заштита од дискриминација;
24) прибира и објавува статистички и други податоци и формира бази на податоци во врска со дискриминацијата;
25) поднесува на разгледување годишен извештај за својата работа до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година;
26) сите извештаи, вклучително и финансискиот извештај, ги објавува на интернет-страницата на Комисијата.

(2) Комисијата обезбедува пристапност при спроведувањето на надлежностите од ставот (1) на овој член.

**Член 22**

**Стручна служба на Комисијата**

(1) За вршење на стручните, административните и техничките работи на Комисијата се формира стручна служба.

(2) Комисијата донесува посебни акти со кои се уредува внатрешната организација и систематизацијата за работата на стручната служба.

(3) Вработените во стручната служба на Комисијата имаат статус на административни службеници и за нив се применуваат одредбите во согласност со Законот за административни службеници.

## IV. ПОСТАПКА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ПРЕД КОМИСИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

**Член 23**

**Постапување на Комисијата**

(1) Лицата кои сметаат дека претрпеле дискриминација можат да поднесат претставка до Комисијата, писмено или усно на записник, без обврска за плаќање такса и друг надоместок.

(2) Лицето кое смета дека е дискриминирано пред Комисијата може да биде застапувано од страна на здружение, фондација или синдикат со претходно дадена согласност.

(3) Здруженија, фондации, синдикати или други организации од граѓанското општество и институции, што имаат оправдан интерес за заштита на интересите на одредена група

или во рамките на својата дејност се занимаваат со заштита од дискриминација, можат да поднесат претставка, ако направат веројатно дека со постапувањето на одредено физичко или правно лице се дискриминирани поголем број лица.

(4) Комисијата покренува постапка по службена должност ако од околностите и фактите, како и од сознанието добиено по допрен глас, основано произлегува дека од страна на органите од членот 3 став (2) од овој закон е извршена дискриминација во согласност со дискриминаторските основи.

**Член 24**

**Елементи, јазик и рокови на претставката**

(1) Претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

(2) Доколку претставката не ги содржи елементите од ставот (1) на овој член или е нејасна, Комисијата ќе го задолжи подносителот да ја доуреди во рок од осум дена од денот на приемот на претставката.

(3) Во постапка пред Комисијата се применуваат одредбите од Законот за употреба на јазиците. Во непосредна комуникација со Комисијата може да се употребува и знаковниот јазик.

(4) Странките кои не го разбираат македонскиот јазик и неговото кирилско писмо имаат право на преведувач.

(5) Претставката може да се поднесе најдоцна во рок од шест месеци од дознавањето за актот на дискриминација или најдоцна една година од денот кога била сторена повредата.

(6) Комисијата може да поведе постапка и по истекот на рокот доколку оцени дека се работи за случај што засега поголема група лица или кога последицата трае или засега јавен интерес.

(7) Комисијата ја доставува претставката до лицето против кого е поднесена во рок од пет дена од денот на приемот на претставката и тоа може да се изјасни за наводите во претставката во рок од 15 дена од денот на нејзиниот прием.

**Член 25**

**Спречување судир на интереси**

Членот на Комисијата ќе се изземе од работата во предметот по сопствено барање или со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Комисијата, ако:
1) во предметот во кој се води постапката претходно бил вклучен или бил или е странка, сосопственик, односно сообврзник, сведок, вештак, полномошник или законски застапник на странката;
2) со странката, со застапникот или со полномошникот на странката е роднина по крв во права линија, а во странична линија заклучно до четврти степен, брачен другар или роднина по брачниот другар заклучно до втор степен и тогаш кога бракот престанал

и/или
3) со странката, со застапникот или со полномошникот на странката е во однос на старател, посвоител, посвоеник, хранител или храненик.

**Член 26**

**Товар на докажување**

Подносителот на претставката кој тврди дека во согласност со одредбите на овој закон е сторена дискриминација е должен да ги изнесе сите факти што го прават тврдењето веројатно. Доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката.

**Член 27**

**Одлуки на Комисијата**

(1) Комисијата дава мислење во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на претставката и го доставува до поднесувачот и до лицето против кое е поднесена претставката.

(2) Со писменото мислење од ставот (1) на овој член, а по утврдената дискриминација, Комисијата препорачува начин на отстранување на повредите на правото.

(3) Лицето на кое е упатена препораката е должно да постапи по препораката и да ја отстрани повредата на правото во рок од 30 дена од денот на приемот на препораката или во подолг рок доколку постојат особено оправдани причини, но не подолго од шест месеци, како и за тоа да ја извести Комисијата.

(4) Доколку лицето на кое е упатена препораката не постапи по препораката согласно со ставот (3) на овој член, Комисијата поднесува барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци.

(5) Комисијата носи заклучок за непостапување или за запирање на постапката по претставката во случај кога постапката пред судот за истата работа е веќе поведена или се поведува во тек на постапката или правосилно е завршена и за тоа го известува подносителот на претставката.

(6) Комисијата носи заклучок за неповедување на постапката за претставка за која веќе постапувала, а не се понудени нови факти и околности и за тоа го известува подносителот.

(7) Комисијата носи заклучок за неповедување или за запирање на постапката доколку подносителот одлучи да ја повлече претставката во текот на постапувањето.

(8) Комисијата носи заклучок за неповедување или за запирање на постапката доколку во текот на постапката подносителот на претставката починал, освен ако наследниците не бараат продолжување на почнатата постапка.

**Член 28**

**Општа препорака за заштита од дискриминација**

Комисијата по сопствена иницијатива упатува општа препорака во случај на дискриминација на поголем број лица.

**Член 29**

**Вршење увид во документација и во простории**

(1) Во вршењето на работите од својата надлежност Комисијата може да изврши непосреден увид во документацијата и во просториите и да побара и да прибере копии од документи поврзани со одреден предметен случај од сите правни лица, државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа, другите органи и организации кои вршат јавни овластувања и јавните установи и служби кои располагаат со податоци и информации за случаи и општи практики на дискриминација, почитувајќи го правото на приватност.

(2) Членовите на Комисијата и вработените во стручната служба имаат службена легитимација. Образецот, содржината и начинот на постапување при издавање, користење и одземање на службената легитимација се пропишани со општ акт од страна на Комисијата.

**Член 30**

**Прибирање податоци и информации од физички и правни лица**

(1) Сите физички и правни лица, државни органи, органи на единиците на локалната самоуправа, други органи и организации кои вршат јавни овластувања и јавни установи и служби, се должни на барање на Комисијата да дадат податоци за конкретни случаи на дискриминација и општи практики на дискриминација во рок од осум дена од денот на прием на барањето.

(2) Комисијата може да го повика на разговор секое лице кое може да даде определени информации за случаи на дискриминација.

**Член 31**

**Соработка со институции што постапуваат по претставки за заштита од дискриминација и човековите права**

(1) Во вршењето на работите од својата надлежност Комисијата соработува со институциите што постапуваат по претставки за заштита од дискриминација и човековите права за конкретни случаи на дискриминација.

(2) Комисијата ја остварува соработката од ставот (1) на овој член, преку меморандуми за соработка, кои се објавува на веб страницата на Комисијата. 3

V. СУДСКА ЗАШТИТА

**Член 32**

**Судска надлежност и постапка**

(1) Лицето кое смета дека е дискриминирано може да поднесе тужба пред надлежен граѓански суд.

(2) Во постапката соодветно се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка, освен ако со овој закон не е поинаку уредено.

(3) Постапката е итна.

**Член 33**

**Месна надлежност**

Во постапката за заштита од дискриминација месно е надлежен, покрај судот со општа месна надлежност, и судот на чиешто подрачје е живеалиштето, односно седиштето на тужителот.

**Член 34**

**Тужба**

Со тужбата од членот 32 став (1) од овој закон, може да се бара: 4
1) да се утврди дека тужениот го повредил правото на тужителот, односно дејството што го презел или го пропуштил да го преземе претставува дискриминација;
2) да се забрани преземање дејства со кои се крши или може да се прекрши правото на тужителот;
3) да се задолжи тужениот да преземе дејства со кои се отстранува дискриминацијата или нејзините последици;
4) да се надомести материјалната и нематеријалната штета причинета со повреда на правата заштитени со овој закон и
5) да се објави во медиумите диспозитивот на пресудата со која е утврдена дискриминација во пристапен формат на трошок на тужениот.

(2) Барањата од ставот (1) на овој член можат да се истакнат заедно со барањата за заштита на други права за кои се одлучува во парнична постапка, ако сите барања се во меѓусебна врска и ако ист суд е стварно и месно надлежен за нив.

(3) Одлуката со која се налага објавување во медиумите го обврзува издавачот на медиумот во кој треба да се објави диспозитивот на пресудата, без оглед на тоа дали бил странка во постапката.

**Член 35**

**Тужба за заштита од дискриминација од јавен интерес (actio popularis)**

(1) Здруженија, фондации, синдикати или други организации од граѓанското општество и неформални групи кои имаат оправдан интерес за заштита на интересите на одредена група или во рамките на својата дејност се занимаваат со заштита од дискриминација, можат да поднесат тужба, ако направат веројатно дека со постапувањето на тужениот се дискриминирани поголем број лица.

(2) Во тужбата од ставот (1) на овој член, може да се истакне барање:
1) да се утврди дека тужениот извршил дискриминација врз групата чиишто интереси ги застапува тужителот, односно дејството што го презел или го пропуштил може да доведе до дискриминација на групата;
2) да се забрани преземање дејства со кои се дискриминира групата чиишто интереси ги застапува тужителот;

3) да се задолжи тужениот да преземе дејства со кои се отстранува дискриминацијата или нејзините последици;
4) да се објави во медиумите диспозитивот на пресудата со која е утврдена дискриминацијата во пристапен формат на трошок на тужениот.

**Член 36**

**Мерки за обезбедување**

Пред почнувањето или во текот на постапката по повод тужбеното барање судот може, на предлог на странката, да одреди мерки за обезбедување и без сослушување на спротивната странка, заради отстранување на итна опасност од противправно оштетување или спречување насилство или отстранување на ненадоместлива штета.

**Член 37**

**Товар на докажување**

(1) Тужителот кој тврди дека во согласност со одредбите на овој закон е сторена дискриминација е должен да ги изнесе фактите што го прават тврдењето веројатно и тогаш товарот на докажување преминува на тужениот да докаже дека не постои дискриминација.

(2) Одредбата од ставот (1) на овој член, не се применува во прекршочната и казнената постапка.

**Член 38**

**Докази**

Во судската постапка за заштита од дискриминација, покрај доказите пропишани во Законот за парничната постапка, како доказ можат да се користат и статистички податоци и/или податоци добиени со тестирање ситуација.

**Член 39**

**Судски трошоци**

(1) Лицата кои ќе поведат судска постапка за заштита од дискриминација се ослободени од плаќање трошоци за судски такси.

(2) Трошоците за судски такси за лицата од ставот (1) на овој член, се на товар на Буџетот на Република Северна Македонија.

**Член 40**

**Учество на трети лица**

(1) Во парница по повод тужбата од членот 34 од овој закон, може како замешувач на страна на лицето кое тврди дека е дискриминирано, да се придружи орган, организација, установа, здружение или синдикат или друго лице кое во рамките на својата дејност се занимава со заштита на правата на еднаквост и недискриминација за чиишто права се одлучува во постапката.

(2) За учеството на замешувачот одлучува судот со примена на одредбите на Законот за парничната постапка.

## VI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 41

(1) Глоба во износ од 400 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице за кое е утврдено од надлежен орган дека извршило дискриминација согласно со членот 6, во врска со член 4 точки 4. и 5., член 8, член 9, член 10, член 11, член 12, член 29 и член 30 од овој закон и тоа на следниот начин: од 400 до 1000 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 600 до 2000 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 800 до 10.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци.

(2) Глоба во износ од 400 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот на друго правно лице, различно од ставовите 1 и 2 на овој член, за кое е утврдено од надлежен орган дека извршило дискриминација согласно со членот 6, во врска со член 4 точки 4. и 5., член 8, член 9, член 10, член 11, член 12, член 29 и член 30 од овој закон.

(3) Глоба во износ од 100 до 400 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок од ставот (2) на овој член, на функционерот на државен орган, градоначалникот на единицата на локалната самоуправа или на службено лице на кое му е доверено вршење на јавно овластување.

(4) Глоба во износ од 50 до 150 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице, за кое е утврдено од надлежен орган дека извршил дискриминација согласно со членот 6, во врска со член 4 точки 4. и 5., член 8, член 9, член 10, член 11, член 12, член 29 и член 30 од овој закон.

### Член 42

(1) Глоба во износ од 3.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот на правното лице за кое е утврдено од надлежен орган дека извршило дискриминација согласно со членот 13 од овој закон и тоа на следниот начин: од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 4.000 до 6.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 5.000 до 8.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 6.000 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци.

(2) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на друго правно лице, различно од ставот (1) на овој член, за кое е утврдено од надлежен орган дека извршило дискриминација согласно со членот 13 од овој закон.

(3) Глоба во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок од ставот (2) на овој член, на функционерот на државен орган, градоначалникот на единицата на локалната самоуправа или на службено лице на кое му е доверено вршење на јавно овластување.

(4) Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице, за кое е утврдено од надлежен орган дека извршило дискриминација согласно со членот 13 од овој закон.

**Член 43**

Одмерувањето на висината на глобата се врши во согласност со Законот за прекршоците.

**Член 44**

За прекршоците утврдени со овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 45**

(1) Јавниот оглас за избор на членови на Комисијата, Собранието на Република Северна Македонија ќе го објави во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Првиот оглас за избор на членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, по влегувањето во сила на овој закон, не се објавува на веб страницата на Комисијата 5

**Член 46**

Подзаконските акти предвидени со овој закон Комисијата ќе ги донесе во рок од шест месеци од денот на нејзиниот избор.

**Член 47**

Започнатите постапките за заштита од дискриминација, како и за поднесените претставки по кои не е започната постапка до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат според одредбите од овој закон. 6

**Член 48**

Законите коишто содржат одредби кои се однесуваат на спречување и заштита од дискриминација ќе треба да се усогласат со овој закон во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 49**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.